...пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup
16.04.2024
08 240

У-5.бр.1516/2022

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Александар Чичаковски - претседател на совет, м-р Валентина Конеска и Билјана Никодиновска Петровска - членови на советот, со записничар м-р Едита Исахи - виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Јавна здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје, поднесена преку полномошник Петре Николоски адвокат од Скопје, против Решението на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер број 08-240 од 09.09.2020 година, за слободен пристап до информации од јавен карактер, вредност на спорот 40.000,00 денари, по одржаната јавна расправа на ден 20.03.2024 година во присуство на полномошникот на тужителот Петре Николоски адвокат од Скопје и овластениот претставник на тужениот орган Цветан Станоески - административен службеник вработен во Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, на ден 27.03.2024 година ја донесе и јавно објави следната:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Јавна здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје, за поништување на Решението на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер број 08-240 од 09.09.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во управниот спор во вкупен износ од 24.584,00 денари, СЕ ОДБИВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот спор е заведен со тужба поднесена од тужителот Јавна здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје, за поништување на Решението на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер број 08-240 од 09.09.2020 година, со кое е уважена жалбата изјавена од Здружението за помош и поддршка на пациенти со хематолошки заболувања и нивни негуватели „ХЕМА“ Скопје, поднесена против Решението на Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје број 09-669/2 од 12.08.2022 година и предметот е вратен на повторно постапување пред првостепениот орган за точките 1 и 2 од барањето, со обврска решението да биде спроведено од тужениот орган во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.

Тужителот со тужбата го оспори решението поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог тужбата да се усвои, а оспореното решение да се поништи.

Овластениот претставник на тужениот орган на јавната расправа изјави дека ја оспоруваат активната легитимација на тужителот, согласно член 1, член 2 став 1 и член 88 став 5 од Законот за општата управна постапка, како и врз основа на член 4 точка 1, член 20 и член 32 став 1 точка 2 од Законот за управните спорови, од причина што тужителот како првостепен орган постапувал по барање за пристап до информации од јавен карактер и одлучувал за правата и интересите на барателот на информации, поради што не може да се појави во процесна положба на тужител. Истакна дека оспореното решение е донесено на ден 09.09.2022 година, додека препраќањето на дел од барањето во однос на Одлуката за именување на Комисијата за малигни заболувања при Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје до Министерството за здравство датира од 28.09.2022 година, што значи дека тужителот бил задолжен да постапи по решението на Агенцијата и да ја извести за своето постапување најдоцна до 24.09.2022 година, што тужителот не го сторил. Во однос на тужбеното барањето кое се однесува на Записниците од одржаните седници на Комисијата за малигни заболувања при Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје и стручните колегиуми од 01.01.2022 година заклучно со 28.07.2022 година, изјави дека првично од тужителот е изјавено дека не располага со истите, заради што барањето е препратено до Министерството за здравство, за да во повторно постапување изјави дека таквите информации не се дадени, од причина што истите претставуваат деловна тајна на тужителот. По однос на истото тужениот го упати судот на одредбите од член 226-Б, член 226-В и член 226-Г од Законот за здравствена заштита, каде точно е наведено како работи стручната комисија за малигни заболувања и какви записници и во која форма составува од сите свои седници, односно на тоа дека Комисијата ги чува како деловна тајна само информациите изнесени на состаноците од страна на членовите на Комисијата, што подразбира дека записникот изготвен во писмена или електронска форма не ги содржи тие информации изнесени на состаноците, туку содржи информации кои се од јавен интерес и треба да бидат достапни за јавноста.

Судот на одржаната јавна расправа ги дозволи и изведе доказите кои беа предложени со тужбата, одговорот на тужба, како и доказите кои се наоѓаат во списите на предметот и тоа со читање се изврши увид во: Тужба У-5.бр.1516/22, Решение на тужениот орган број 08-240 од 09.09.2022 година, Барање за пристап до информации од јавен карактер од 27.08.2022 година од Здружение за помош и поддршка на пациенти со хематолошки заболувања и нивни негуватели ХЕМА-Скопје, Решение на Универзитетска клиника за Хематологија-Скопје бр.09-669/2 од 12.08.2022 година, Жалба од 29.08.2022 година, Препраќање на барање за пристап до информации од јавен карактер од 28.09.2022 година, Известување за препраќање од 28.09.2022 година, Тековна состојба за тужителот, Тековна состојба за тужениот орган, Одговор на тужба доставен до судот на 17.11.2022 година.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање, во смисла на член 35 од Законот за управните спорови („Службен весник на РСМ" бр.96/2019), па со оцена на наводите од тужбата и одговорот на тужбата, како и навдите изнесени на јавната расправа, а врз основа на изведените докази, најде дека:

Тужбата е неоснована.

Од изведените докази е видно дека од Здружението за помош и поддршка на пациенти со хематолошки заболувања и нивни негуватели „ХЕМА“ - Скопје до тужителот Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје на ден 28.07.2022 година е поднесено Барање за пристап до информации од јавен карактер заради доставување на следните податоци: 1. Одлука за именување на Комисијата за малигни заболувања при Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје, 2. Записници од одржаните седници на Комисијата за малигни заболувања при Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје и стручните колегиуми од 01.01.2022 година заклучно со 28.07.2022 година, 3. Статут и статутарна Одлука за измена на Статутот на Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје и 4. Правилник за внатрешна организација на Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје.

Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА-Скопје, постапувајќи по барањето, донела Решение бр.09-669/2 од 12.08.2022 година, со кое делумно е одбиено барањето на барателот на информации, со образложение дека за документот под точка 1. Одлука за именување на Комисијата за малигни заболувања при Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје е надлежно Министерството за здравство, како имател на конкретната информација, додека за точка 2. Записниците од одржаните седници на Комисијата за малигни заболувања при Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје и стручните колегиуми од 01.01.2022 година заклучно со 28.07.2022 година, одлучено е барањето да се одбие, бидејќи записниците содржат информации, чие откривање би значело повреда на обврската за заштита на лични податоци на пациентите.

Незадоволен од наведеното Решение бр.09-669/2 од 12.08.2022 година, барателот изјавил жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, заведена под број 08-240 од 29.08.2022 година, истата е препратена до имателот на информации, кој не одговорил по жалбените наводи.

Постапувајќи по изјавената жалба, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, го донел сега оспореното Решение број 08-240 од 09.09.2020 година, со кое е уважена жалбата изјавена од Здружението за помош и поддршка на пациенти со хематолошки заболувања и нивни негуватели „ХЕМА“ Скопје, поднесена против Решението на Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје број 09-669/2 од 12.08.2022 година и предметот е вратен на повторно постапување пред првостепениот орган за точките 1 и 2 од барањето, со обврска решението да биде спроведено од тужениот орган во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, Судот најде дека постапката која претходела на оспорениот управен акт била спроведена согласно законот и дека одлуката е правилна и заснована на закон.

Согласно член 4 точка 1 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РМ“ бр.42/20), „личен податок“ е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет.

Согласно член 6 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ“ бр.101/19), ако документот или негов дел содржи информации од ставот (1) на овој член, што можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, имателот на информации ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот.

Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ“ бр.101/19), ако имателот на информации што го примил барањето не располага со бараната информација веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето, е должен да го препрати барањето до имателот на информации кој според содржината на барањето е имател на информацијата и за тоа да го извести барателот. Согласно став 2 од истиот член, рокот за добивање на информацијата почнува да тече од денот на добивањето на барањето кај имателот на информацијата на кој му е препратено барањето од ставот (1) на овој член.

Согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ“ бр.101/19), ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение. Согласно став 2 од истиот член, решението од ставот (1) на овој член, со кое барањето делумно или целосно е одбиено задолжително содржи образложение за причините поради кои барањето е одбиено и за резултатите од спроведениот тест на штетност. Согласно став 3, ако имателот на информацијата во рокот утврден во членот 21 од овој закон не му овозможи на барателот пристап до информацијата и ако не донесе и не му достави на барателот решение се смета дека барањето е одбиено по што барателот може да поднесе жалба до Агенцијата во рок од 15 дена.

Судот најде дека тужениот орган правилно постапил кога го донел оспореното Решение број 08-240 од 09.09.2020 година, со кое ја уважил жалбата изјавена од Здружението за помош и поддршка на пациенти со хематолошки заболувања и нивни негуватели „ХЕМА“ Скопје, поднесена против Решението на Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје број 09-669/2 од 12.08.2022 година, донесено по Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено во Агенцијата под бр.08-240 на 30.08.2022 година.

Според наоѓање на судот, тужениот орган при донесување на оспореното решени правилно утврдил дека Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје неосновано и спротивно на Законот за слободен пристап до информации постапил кога го одбил барањето на Здружението за помош и поддршка на пациенти со хематолошки заболувања и нивни негуватели „ХЕМА“ Скопје за доставување на Одлуката за именување на

Комисијата за малигни заболувања при Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје и Записниците од одржаните седници на Комисијата за малигни заболувања при Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје и стручните колегиуми од 01.01.2022 година заклучно со 28.07.2022 година. Ова од причина што Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје постапила спротивно на член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, кога го одбила барањето за доставување на Одлуката за именување на Комисијата за малигни заболувања при Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје, затоа што била должна да го препрати до надлежниот орган Министерството за здравство, како имател на бараната информација. Со ваквиот начин на постапување сега тужителот наместо да превземе дејствија на постапување со цел обезбедување на бараните информации кои не се означени со степен на доверливост, истиот се повикал на ненадлежност, со образложение дека постапувањето по барањето е одговорност на друг орган.

Судот најде и дека тужениот орган со оспореното решение правилно утврдил дека Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје неосновано го одбила барањето за доставување на Записниците од одржаните седници на Комисијата за малигни заболувања при Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје и стручните колегиуми од 01.01.2022 година заклучно со 28.07.2022 година, од причина што тужителот во случај записниците до содржат лични податоци бил должен да овозможи делумен пристап со анонимизирање на личните податоци, согласно член 6 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а доколку документите или нивен дел содржат информации што можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, тужителот како имател на информациите бил должен да ги одвои тие информации од документот и да го извести барателот за содржината на останатиот дел од документот.

При вака утврдена фактичка и правна состојба на работите, Судот оцени дека оспореното решение е правилно и на закон засновано.

Судот ги ценеше наводите на тужителот дека во случајот постојат законски пречки за доставување на бараните Записници од одржаните седници на Комисијата за малигни заболувања при Јавната здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје и стручните колегиуми од 01.01.2022 година заклучно со 28.07.2022 година, меѓутоа оцени дека ваквите наводи се неосновани и без влијание за поинакво одлучување, од причина што доколку бараните документи содржат информации кои се класифицирани како деловна тајна, во смисла на член 226-г од Законот за здравствена заштита („Сл.Весник на РСМ" бр.43/12...236/22), имателот на информациите е должен да ги одвои тие информации од документот и да го извести барателот за содржината на останатиот дел од документот, согласно член 6 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ" бр.101/19).

Врз основа на наведеното, Судот оцени дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи како во изреката на пресудата, а согласно член 59 став 1 од Законот за управни спорови ("Сл.Весник на РСМ" бр. 96/19).

По однос на барањето на тужителот за надомест на трошоците сторени во управниот спор, Судот одлучи како во изреката на решението, согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови („Сл.Весник на РСМ“ бр.96/19), според кој доколку судот ја одбие тужбата, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката.

Пресудено во Управен суд на 27.03.2024 година, под У-5.бр.1516/2022.

Записничар - виш судски соработник
м-р Едита Исахи

Претседател на совет - Судија
Александар Чичаковски

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:
- тужителот преку полномошник, Петре Николоски адвокат од Скопје
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
Александар Чичаковски

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник
1

Врз основа на член 27 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), а согласно член 109 став 9 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20) постапувајќи по Жалбата изјавена од Здружение за помош и поддршка на пациенти со хематолошки заболувања и нивни негуватели, „ХЕРА"- Скопје, поднесена преку застапникот Лидија Пецова, Претседател на Здужението, против Решението на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија-Скопје, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на 09.09.2022 година, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

1. Жалбата изјавена од Здружение за помош и поддршка на пациенти со хематолошки заболувања и нивни негуватели, „ХЕРА"- Скопје, поднесена преку застапникот Лидија Пецова, Претседател на Здужението, против Решението на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија-Скопје бр.09-669/2 од 12.08.2022 година, заведена во Агенцијата под бр.08-240 на 30.08.2022 година по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ УВАЖУВА.**
2. **Предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган за точките 1 и 2 од Барањето.**
3. **Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.**

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Здружение за помош и поддршка на пациенти со хематолошки заболувања и нивни негуватели, „ХЕРА"- Скопје до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер поднесе Жалба против ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија-Скопје, заведена во архивата на Агенцијата под број 08-240 на 30.08.2022 година.

Како што се наведува во Жалбата, Здружение за помош и поддршка на пациенти со хематолошки заболувања и нивни негуватели, „ХЕРА"- Скопје на 28.07.2022 година поднело Барање за пристап до информации од јавен карактер до ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија-Скопје, со кое побарало по е-маил да му се достави фотокопија од следните информации:

„-Одлука за именување на Комисија за малигни заболувања при ЈЗУ УК за хематологија, Скопје

-Записници од одржаните седници на горенаведената комисијата и стручните колегиуми од 01.01.2022 заклучно со 28.07.2022 година

-Статут и статутарна одлука за измена на Статут на ЈЗУ УК за Хематологија.".

Имателот на информации, на ова Барање доставил Решение со кое Барањето делумно се одбива бр.09-669/2 од 12.08.2022 година. Во Решението е наведено дека: „...За документот под точка 1. Одлука за именување на Комисијата....клиника за хематологија не располага од причина што согласно член 226-б став (1) од Законот за здравствена заштита, министерството за здравство формира стручни комисии за разгледување на случаите на пациенти болни од малигни заболувања...За документите кои се бараат под точка 2 и тоа: Записници од одржаните седници на Комисијата ....се документи кои содржат личен податок